Врз основа на членот 158-ѕ, точка 1) и членот 122, точки 2) и 3) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
# за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на билансните шеми и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување

**Член 1**

Насловот на Правилникот за формата и содржината на билансните шеми и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на РМ“ бр. 5/2011 и 41/2011) се менува и гласи: „Правилник за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување“.

**Член 2**

Во Правилникот за формата и содржината на билансните шеми и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на РМ“ бр. 5/2011 и 41/2011) чиј назив станал: „Правилник за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување“, во членот 1, во ставот (1) зборовите „билансните шеми“ се менуваат со зборовите „финансиските извештаи“.

Во ставот (2) пред зборовите „годишниот извештај“ се додаваат зборовите „финансиските извештаи и“.

**Член 3**

Во членот 3, по ставот (1) се додава нов став 2 кој гласи:

„(2) Тромесечните (кварталини) извештаи на друштвата за осигурување се состојат од следните извештаи:

2.1 Извештај за финансиска состојба (Биланс на состојба) и

2.2 Извештај за сеопфатна добивка (Биланс на успех)“.

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Во ставот (2) кој станал став (3), по зборовите: „точките 1.1, 1.2, 1.3 и 1.4 од став 1“, се додаваат

зборовите: „и точките 2.1 и 2.2 од став 2“.
Во ставот (3) кој станал став (4), по зборовите: „точките 1.1, 1.2, 1.3 и 1.4 од став 1“, се додаваат зборовите: „и точките 2.1 и 2.2 од став 2“.

**Член 4**

По Глава III. Начин и рокови на известување, пред членот 6 се додава поднаслов кој гласи:
„Годишни финансиски извештаи и Годишен извештај“.

**Член 5**

По членот 6 се додава наслов и нов член 7 кој гласи:

**„Тромесечни (квартални) финансиски извештаи**

**Член 7**

(1) Друштвата за осигурување се должни да изготвуваат тромесечни (квартални) финансиски извештаи од член 3 став 2 од овој правилник со состојба на 31 март, 30 јуни, 30 септември и 31 декември во тековната деловна година.

(2) Друштвата за осигурување се должни до Агенцијата да достават тромесечни (квартални) извештаи во рок од 30 дена од истекот на последниот ден од пресметковниот период за кој се изготвуваат извештаите.

(3) Извештаите од став 1 на овој член друштвото е должно да ги достави до Агенцијата во наведените рокови во хартиена и електронска форма.

(4) Агенцијата го задржува правото да пропише електронски формат на извештаите кои друштвата за осигурување ќе ги пополнуваат и доставуваат до Агенцијата.“

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе започне да се применува при изготвување на тромесечните (квартални) финансиски извештаи со состојба на 30 септември 2011 година.

**Бр 0101-1919/3**
**28.04.2011 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти**
**на Агенцијата**
**д-р Климе Попоски**